## Постапка за студентите запишани пред 2011 година, како и за сите студенти запишани на студиите 3+1+1

Студентите кои се запишани на студии од втор циклус пред 2011 година, како и сите студенти запишани на студиите по моделот 1+1 (двогодишни студии), пријавувањето, заверката и уписот го прават во еден чекор, во службата за студентски прашања на ФИНКИ, во периодот 15.-29.03.2012 година, секој работен ден од 14-16 часот.

За пријавување на испит, студентите доставуваат пријава со платена административна такса од 50МКД (се плаќа на уплатница (шифрарник на општини) или преку СМС при што добиенот код од СМС пораката се запишува во горниот лев агол од пријавата).

Потребните документи за заверка и упис се наведени претходно.

Зимскиот семестар го заверуваат само студентите кои слушале предмети во тој семестар.

Летен семестар запишуваат сите студенти, без разлика дали имаат или немаат предмети за запишување. Студентите кои немаат предмети, запишуваат празен семестар, со истите потребни документи.